**Милош Андоновски** е роден 1989 година во Куманово каде завршува основно и средно гимназиско образование. Во 2021.година ги завршува вторите магистерски студии по театарска уметност на Универзитетот во Кент, Англија како стипендист на една од најпрестижните стипендии во светот – Чивнинг стипендијата на Обединетото Кралство. Неговиот магистерски труд со наслов *За што зборуваме кога зборуваме за режија* се темели на истражување и интервјуа со шест режисер(к)и: Кејти Мичел (ОК), Ан Богарт (САД), Зоја Бузалковска (МКД), Иван Поповски (РУС/МКД), Томи Јанежич (СЛО) и Улрих Мејер – Хорш (ГЕР).

Во 2015. година дипломирал театарска режија на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во класата на проф. Слободан Унковски и проф. Златко Славенски.

Дипломирал и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје на катедрата за општа и компаративна книжевност (2012), а магистрирал културолошки студии на Институтот за македонска литература (2015) со истражување во кое учествуваат 31 актер од Македонија, насловено како Влијанието на културните и психолошките процеси врз актерската креација на ликот. Дел од истражувањето е објавено во книгата Театарот и актерите од сосема друг агол на акад. Надица Поп-Јорданова (2021), Ars Lamina.

Во 2017. година се стекнува со Педагошки доквалификации на Предагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, а исто така е и сертифициран обучувач/предавач за возрасни од 2016. година.

Во 2019 година е член на Режисерската лабораторија во Театарот Линколн Центар, Њујорк, САД.

Учествувал на две меѓународни научни конференции со свои трудови во кои ги разгледува можностите, придобивките и влијанијата од воведувањето на Театарската уметност како задолжителен предмет во македонското средно образование, како и состојбите на истото во компаративен контекст со другите балкански средни образованија. Конференциите се:

- “Contemporary challenges of performance“ во Скопје, 2016
- “Theatre between politics and policies: New Challenges“ во Белград, 2018

Делови од научните трудови се објавени во неколку медиуми, портали, во форма на интервјуа и/или колумни, есеи, како и во научното списание Ars Academica (No,4).

Од 2014. до 2017.година работел како професор по предметите Театарска уметност и Филмска уметност во Меѓународното училиште НОВА во Скопје.

Во јули 2016. и јули 2017. година предава Драма на Летниот образовен камп при Американскиот универзитет во Бугарија, Благоевград.

Основач и главен предавач е во „Театар за сите“, неформално училиште за театарска уметност за млади и возрасни, кое постои пет години. Редовните часови ги посетиле над 100 лица, а Отворените часови над 300 лица. „Театар за сите“ од 2021. година, официјално е здружение за театарска едукација и продукција, а Андоновски е основач и претседател.

Режисер е на претставите:

- „Поблиску“, режија Милош Андоновски, дипломска претстава, 2015, Македонски народен Театар и Факултет за Драмски уметности)

- „Јас, Селма“, текст и режија Милош Андоновски, Младински Културен Центар, Скопје, април 2018
- „Физика на тагата“ по драматизација на Ивана Нелковска на истоимениот роман на Георги Господинов, Народен Театар Куманово, јули, 2018
- „Хамлет“ на Вилијам Шекспир, Театарот на Навигаторот Цветко, Кино Култура, Скопје, декември 2018
- „Семејни приказни“ на Биљана Србљановиќ, НУ Театар „Војдан Чернодрински“ Прилеп, јуни, 2019, освојува НЕТА награда за Севкупно уметничко остварување на Фестивалот за камерен театар „Ристо Шишков“ во Струмица во септември, 2019 година
- „Без авторски права“ колективно авторство, Театарот на Навигаторот Цветко, Скопје, декември, 2019
- „Иднината е приватна“ текст и режија Милош Андоновски, Пресврт, Скопје, септември, 2020 година
- „Срам“ (работен наслов), авторска монодрама на Ангела Стојановска, Тииит инк! и Младински Културен Центар, октомври 2021 – во тек

Асистирал на претставите:
- Изгубени германци на режисерот Слободан Унковски (2013, Македонски Народен Театар)
- Подемот и падот на кабарето на режисерот Владимир Милчин (2013, Македонски Народен Театар)
- Аферата Елсинор на режисерот Љубиша Георгиевски (2013, Македонски Народен Театар)

Во согласност со член 18 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Сл. весник на РМ 52/10, 135/2011), Собранието на **Меѓународното здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО** со седиште на адреса: : ул. „Московска“, број 17А 2/36, Општина Карпош, 1000 Скопје, Р.Македонија, на ден 20-ти Јануари 2019 година го донесе следниот:

# СТАТУТ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението е непрофитна, невладина, независна и непартиска организација основано по пат на слободно здружување за остварување на цели и дејности наведени во Член 9 од овој Статут, почитувајќи ги начелата на јавност и транспарентност и покренување иницијативи во јавниот живот.

### Член 2

Здружението се формира по слободна иницијатива на група граѓани и ќе работи на организирање и спроведување на проекти, самостојно или заедно со други невладини организации, непрофитни здруженија и други правни и физички лица, со поширок опсег на активности, во насока на

заштита и промовирање на човековите обврски кон уживањето на безбедна, здрава, чиста и одржлива животна средина; и човековото право на културата и уметноста кај граѓаните на светот.

**Член 3**

Здружението има својство на правно лице и е запишано во регистарот на невладини организации (здруженија и фондации) во Централниот регистар на Република Македонија, со права, одговорности и обврски што ги има врз основа на Уставот, законите и овој Статут.

**Член 4**

Името на здружението е: **Меѓународно здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО** (во понатамошниот текст: Здружението) со седиште во Скопје.

Скратен назив на Здружението е: **КУЛТУРНО ЕХО**

Во правниот промет кон странство ќе се користи целосниот назив: **International association of citizens CULTURAL ECHOES** или скратениот назив на англиски: **CULTURAL ECHOES**

**Член 5**

Седиштето на здружението е на адреса: ул. „Московска“, број 17А 2/36, Општина Карпош, 1000 Скопје.

Здружението се организира и делува на целата територија на Република Македонија.

**Член 6**

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението: Меѓународно Здружение на граѓани КУЛТУРНО ЕХО, а во средината се наоѓа амблемот на Здружението.

Штембилот е правоаголен со името на здружението, број, дата и место.

## Член 7

Здружението има свој амблем, чиј изглед ќе биде поставен на службените печати.

Постапката за избор на амблемот подетално ја утврдува Управниот одбор.

## Член 8

Здружението може да основа друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва за остварување на своите цели, интереси и активности и за финансирање на функциите, утврдени со Статутот.

Здружението може да основа свои подружници, ограноци и останати организациони облици на дејствување на територијата на Р. Македонија и во странство, на начин утврден од Управниот одбор.

## Член 9

Со цел олеснување на процедурите и постапките, Здружението за своето секојдневно функционирање и работење ќе ја користи информатичката технологија како начин за реализација на обврските кои произлегуваат од овој Статут.

Електронската кореспонденција не може да биде негирана и истата се изедначува со писмената кореспонденција.

Здружението ќе се стреми кон создавање на целосно дигитализирана организација.

Здружението за својата работа води е-архива.

## II. ЦЕЛИ

**Член 10**

Главна и стратешка цел на Здружението е спроведување на истражување во сите држави од светот за објекти кои може да претставуваат закана по безбедноста, општото здравје, се извор на болести, зарази и зависности за граѓаните, животните и животната средина, и нивна пренамена за општо добро согласно член 27 и член 22 од Универзалната Декларација за Човековите Права.

Останати цели на Здружението се:

- партиципација и организирање на културно уметнички активности на домашен и меѓународен план;
- популаризација и афирмација на уметноста и културата во секојдневното живеење на граѓаните;
- подигање на еколошката свеста кај граѓаните за правото на здрава животна средина и природа и обврските кон уживањето на безбедна, чиста, здрава и одржлива животна средина;
- зголемување на граѓанската свест за потребите и можностите кои произлегуваат од заедничкиот општествен живот, просторното планирање, правилното користење и управување со природните богатства и ресурси
- создавање на еколошки урбан живот
- предлагање и имплементирање на проекти од полза за општеството во сите сфери на општественото живеење
- партиципација во општествени иницијативи и кампањи на домашен и меѓународен план;
- застапување на интересите на своите членови.

**Член 11**

Здружението своите цели ќе ги остварува преку:

- Организирање, подготовка, издавање и промоција на проекти од областа на екологијата, животната средина, просторното планирање, филмската, театарската, ликовната, музичката и сите други форми на уметност и нивна популаризација;
- комуникација и соработка со здруженија и индивидуалци од сферата на дејствување на Здружението, со цел информирање и размена на знаења и ресурси;
- истражувачка дејност во областа на дејствување на Здружението;
- покренување иницијатива за креирање и имплементација на политики и практики кои што ќе овозможуваат зголемена свест на граѓаните и на институциите за значењето на мултимедијалната уметност како општествен феномен и како културно –забавна, образовна и едукативна активност;
- анализа на содржината и имплементацијата на домашни и меѓународни закони, декларации, конвенции и други релевантни документи;
- организација и реализација на дебати, дискусии, собири, обуки, работилници, изложби и други облици на јавни активности во интерес на граѓаните на ниво на целата држава;
- соработка со печатените и електронските медиуми, како и јавен настап во истите и нивна поддршка во објективното информирање на граѓаните;
- подготовка, изработка, издавање и промоција на печатени и електронски публикации,
- обезбедување на финансиски средства за остварување на целите, преку можни донации, спонзорства, владини институции и други физички и правни лица од земјава и странство;

- овозможување услови за работа на членовите на Здружението;

- останати активности во согласност со Статутот, политиките на Здружението и законските прописи на Р.М.

## III. ЧЛЕНСТВО

### Член 12

Зачленувањето во Здружението ќе подлежи на олеснителни процедури имајќи го предвид меѓународниот карактер на Здружението. Потпишувањето на пристапниците ќе биде видно олеснето, со цел полесно зачленување во Здружението за исполнување на правото на општествен и меѓународен поредок и уживање на слободата на здружување.

Зачленувањето во Здружението се врши со потпишување на пристапница. Со потпишување на пристапницата членот се согласува дека ги прифаќа одредбите на овој Статут и дека ќе работи во најдобар и најискрен интерес на целите на Здружението.

Член на Здружението може да биде секој македонски и странски државјанин и нема да биде дискримиран по било кој основ.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во Здружението со давање потпишана изјава за согласност од неговиот законски застапник, за зачленување во Здружението, во согласност со законите на Република Македонија.

Здружението за своите членови води регистар на членството, кој што се ажурира еднаш годишно. Здружението ја гарантира тајноста на личните податоци на членовите, согласно прописите за заштита на лични податоци и класифицирани информации.

Здружението има членови, волонтери, почесни членови и алумни. Членовите може да бидат бирани во органите на Здружението.

Секој член на Здружението има право да гласа и да биде гласан во органите и телата на Здружението, при што е должен да ги почитува одредбите на овој Статут.

**Член 13**

Органите на Здружението можат да покренат постапка за исклучување или постапка за утврдување на одговорност на член од Здружението.

- Постапка за утврдување на одговорност на член:

Се констатира неодговорност на член доколку: без оправдани причини не ги извршува прифатените работни задачи во даден временски рок, не присуствува на задолжителни состаноци или дејствува спротивно на статутот на здружението и законот за здруженија и фондации.

- Постапка за исклучување на член од Здружението:

Се констатира престанок на членство и на сите функции на член за кој е утврдена неодговорност или кој непријателски се однесува кон останатите членови и здружението, и на јасен и изричен начин ја оневозможува работата на останатите членови и здружението.

Управниот Одбор ќе изработи Правилник за спречување на судир на интереси и коруптивно однесување во Здружението, кој треба да биде одобрен од Собранието.

## IV. ОРГАНИ

**Член 14**

Органи на Здружението се: Собрание, Управен одбор, Претседател, Потпретседател, Координатор на Канцеларија за врски и Секретар.

***СОБРАНИЕ***

**Член 15**

Собранието го сочинуваат сите членови на Здружението со потпишана пристапница. Секој член на собранието има право на еден глас. Собранието се свикува најмалку еднаш годишно, а за одржување на истото потребно е да бидат присутни најмалку една половина од членовите. Одлуките се носат со просто мнозинство.

Со седниците раководи Претседателот, а во негово отсуство - од него овластено лице. Гласањето се одвива јавно или тајно, по претходен договор на членовите.

**Член 16**

Надлежности на Собранието:

- донесува Статут и негови измени и дополнувања;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор, согласно Правилникот за изборна постапка;
- се изјаснува по одлуките и предлозите на Управниот одбор;
- дава насоки и задолженија за дејствување на Управниот одбор;
- гласа годишна завршна сметка и финансиски план, по предлог на Управниот одбор;
- предлага и донесува општи акти, одлуки, заклучоци, правилници во интерес на Здружението;

***УПРАВЕН ОДБОР***

**Член 17**

Управниот одбор се состои од 5 члена, избрани од Собранието. Членовите на Управниот одбор се членови и на Собранието.

Состаноците на Управниот одбор ги закажува Претседателот. Во случај на изедначени гласови, гласот на Претседателот е одлучувачки.

Членовите на Управниот одбор се бираат на една година, на годишното Собрание со просто мнозинство.

Членовите имаат мандат од една година, со можност за неограничен број пати на реизбор.

Членот на Управниот одбор поднесува писмена оставка до Претседателот и истата стапува во сила веднаш.

Доколку се ослободи позиција во Управниот одбор останатите членови на Управниот одбор избираат нов член кој ќе биде на таа позиција до следното Собрание.

**Член 18**

Надлежности на Управниот одбор:

- го следи спроведувањето на Програмата и целите на Здружението утврдени со овој Статут;

-предлага и донесува општи акти, одлуки, заклучоци, правилници во интерес на Здружението;

- ги спроведува политиките, одлуките и заклучоците донесени од Собранието; - се грижи и одговара за работењето и имотот на Здруженито;

- го промовира Здружението и активностите на истото;

- акумулира средства и истите ги наменува за остварување на целите на Здружението;

- организира и активно учествува во реализирањето на разни акции и настани;

- донесува одлуки за награди, пофалници и признанија;

- дава мислење за изработени проекти и донесува одлука за поддршка на проекти кои ќе се поднесуваат до фондации и институции;

- донесува одлука за координатори на проекти;

- поднесува годишни извештаи за својата работа пред Собранието;

- развива предлог - политики кои ги предлага во Собранието за гласање;

- предлага промени на Статутот и целите и ги поднесува пред Собранието за гласање;
- предлага правни акти утврдени во овој Статут и ги поднесува пред Собранието за гласање;
- предлага покренување на постапка за исклучување или за утврдување на одговорност;
- избира Претседател на Здружението, согласно Правилникот за изборна постапка;
- ги подготвува седниците на Собранието;
- одлучува за промена на критериумите за членарина и членови;
- Управниот одбор поднесува извештај на Собранието за неговата работа на редовните седници најмалку еднаш годишно, кој што Собранието треба да го разгледа и одобри;
-Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

***ПРЕТСЕДАТЕЛ***

**Член 19**

Претседателот се избира од членовите на Собранието, со мандат од 1 (една) година со право на неограничен број пати на реизбор. За својата работа одговара пред Собранието.

**Член 20**

Надлежности на Претседателот:

- го застапува Здружението на домашен и меѓународен план;
- потпишува договори во името на Здружението;
- потписник е на сметката на Здружението;
- предлага и подготвува нови проекти;
- се грижи за спроведување на активностите на тековните проекти;
- предлага координатори на проекти

- именува Секретар на Здружението
- предлага Потпретседател на Здружението
- свикува и претседава со седници на Управниот одбор и на Собранието

***ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ***

## Член 21

Потпретседателот е именувано лице од Претседателот на Здружението.

Предлогот за Потпретседател го поднесува Претседателот до Управниот одбор кој истиот може да го прифати или одбие.

Потпретседателот ги има истите овластување на Претседателот и во негово отсуство или по претходно овластување од органите на Здружението ги обавува своите надлежности.

Бројот на потпретседатели го утврдува Управниот одбор на предлог на Претседателот.

Мандатот на Потпретседателот трае додека трае мандатот на Претседателот. Разрешување пред мандатот е возможно преку поднесување на иницијатива до Претседателот кој доколку ја прифати истата треба да биде потврдена од Управниот одбор.

***КООРДИНАТОР НА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ВРСКИ***

## Член 22

Координаторот на Канцеларијата за врски (понатамошен текст: Координатор) е именувано лице од Управниот одбор на Здружението кое е задолжено за развивање на организациони облици за дејствување на Здружението во други држави.

Правата и обврските на Координаторот подетално ќе бидат регулирани во Правилникот за организационите облици на дејствување на Здружението.

***СЕКРЕТАР***

**Член 23**

Секретарот е именувано лице од страна на Претседателот со мандат кој што трае соодветно на мандатот на Претседателот кој го именувал. Секретарот се грижи за административно-техничкото одржување и управување на Здружението.

**Член 24**

Надлежности на Секретарот:

- го ажурира регистарот на членовите на Здружението и сите други потребни списоци;
- води евиденција за присутните членови на Собранието и на Управниот одбор;
- испраќа покани и известувања до членовите на Здружението;
- изготвува записници од состаноците кои се доставуваат до членовите и Претседателот за нивно усвојување, по што ги архивира;
- ја надгледува имплементацијата на средствата на Здружението;
- предлага годишен работен и финансиски план
- се грижи за комуникацијата меѓу членовите на Управниот одбор меѓу два состаноци и комуникацијата меѓу Управниот одбор и членовите на Собранието меѓу две годишни собранија;
- врши постојан контакт со институции и фондации за поднесени проекти;
- врши увид на сите јавни огласи и дава информации на членството.

## V. ЗАСТАПУВАЊЕ ПРЕД ЗАКОН

**Член 25**

Правни застапници на Здружението се Претседателот и Секретарот.

Застапник на Здружението мора да биде деловно способно физичко лице кое има живеалиште или престојувалиште на територијата на Р. Македонија, согласно со закон.

Начинот на именување или избирање на Застапниците на Здружението е регулиран со овој Статут.

## VI. СОРАБОТКА

**Член 26**

Здружението може да се поврзува, соработува со и да прифаќа донации од меѓународни, странски невладини и владини организации, здруженија на граѓани, амбасади на држави и други правни и физички лица за реализација на целите и активностите во насока на целосно остварување на правата, слободите и интересите на сите граѓани на Република Македонија.

## VII. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

**Член 27**

Здружението ја остварува јавноста преку:

- редовно испраќање на записниците од состаноците на Управниот одбор до сите членови на Собранието
-редовно јавно објавување на Статутот и документите од јавен интерес на својата веб-страна.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 28**

За остварување на своите цели и задачи, Здружението ќе стекнува средства преку:

- средства од буџетот на Република Македонија, буџетите на Општините и буџетот на Град Скопје;
- доброволни прилози;
- донации;
- подароци (пари, добра, имотни права);
- прилози, спонзорства и други приходи, согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации и Статутот на Здружението;
- инвестиции, камати, дивиденди, заеми, кирии, закупнини, кои ќе се користат исклучиво за исполнување на целите и задачите дефинирани во овој Статут.

**Член 29**

За остварување на своите цели и задачи, Здружението самостојно може да:

- прифаќа грантови;
- да користи бенефиции;
- да изведува договори, да плаќа, да позајмува пари во трансакции одобрени од Здружението;
- да побарува, да се застапува, рекламира соодветно со законските прописи, со цел да собира фондови за своето функционирање;
- да изведува добротворни активности кои се во согласност со предвидените цели и активности;
- да вработува потребни лица за спроведување на целите и активностите;
- да спроведува истражувања;
- да организира и спроведува обуки.

Користењето и располагањето со средствата на Здружението се врши со одлука на Управниот одбор, на начин утврден со овој Статут и според законските прописи на Р. Македонија.

**Член 30**

Здружението донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат, како и расходите за планираните активности, за заедничка потрошувачка на вработените, материјални трошоци за работа на Здружението и други расходи поврзани со работата.

## IX. ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

**Член 31**

Здружението ќе престане со работа доколку:

- бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;
- Здружението работи спротивно на законските прописи и Уставот на Република Македонија;
- Собранието донесе одлука за престанок на Здружението ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство;

Сите членови мораат да бидат известени минимум 30 дена пред одржувањето на Собранието со допис со кој се информираат за причините за распуштање.

**Член 32**

Здружението во случај на распуштање мора да ги помири сите долгови или да ги врати добиените средства на донаторот ако активностите не се исполнети.

По престанокот на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на друго здружение со иста или слична активност.

Никакви материјални средства стекнати за време на работата на здружението не смеат да бидат поделени помеѓу членовите на здружението, вработените или почесните службеници.

## X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

Статутот го донесува Собранието со двотретинско мнозинство од присутните членови на Собранието со право на глас. Нацртот и Предлогот на Статутот ги утврдува Управниот одбор.

Постапката за изменување и дополнување на Статутот ја започнува Собранието, Управниот одбор или Претседателот.

### Член 34

Актите кои произлегуваат од овој Статут да се донесат и усогласат со овој Статут најдоцна во рок од 3 (три) години од денот на донесувањето на истиот.

### Член 35

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а меѓу две Собранија Управниот Одбор на Здружението.

### Член 36

Статутот влегува во сила на денот на донесувањето.

**Претседателка,**

**--------------------------------**
г-ца *Симона Димковска*